# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 32/2020 Пробиштип 28.01.2020 година Излегува по потреба


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.32 одржана на ден 27.01.2020 година и други акти, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за усвојување на програма за работа и развој на ЈКП Никола Карев за 2020 година бр. 26-61/3,
2. Одлука за усвојување на финансов план со план за јавни набавки на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2020 година бр. 26-61/4,
3. Одлука за усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на Општина Пробиштип за перод 01.01.2019 до 31.12.2019 година бр. 26-61/5,
4. Одлука за усвојување на извештај од реализиран попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна и на жиро сметка на Општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2019 година бр. 26-61/6,
5. Заклучок бр. 26-61/6-1,
6. Одлука за усвојување на извештај за работа на ТППЕ Пробиштип за 2019 година бр. 26-61/7,
7. Заклучок бр. 26-61/7-1,
8. Одлука за отстапување на движни ствари- фотоволтаичен соларен систем на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип бр. 26-61/8,
9. Одлука за отстапување на движни ствари- фотоволтаичен соларен систем на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип бр. 26-61/9,
10. Одлука за отстапување на движни ствари- фотоволтаичен соларен систем на ООУ Никола Карев Пробиштип бр. 26-61/10,
11. Одука за изменување на Одлуката за вредноста на бодот на административните службеници во Општина Пробиштип бр. 26-61/11,

12. Одлука за обезбедени средства за експропријација за ул.4-ти Април бр. 26-61/12,
13. Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Пробиштип за 2020 година во делот на дотации бр. 26-61/13,
14. Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Пробиштип за 2020 година во делот на донации бр. 26-61/14,
15. Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Пробиштип за 2020 година за проектот Биоотпад бр. 26-61/15,
16. Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Пробиштип за 2020 година за проектот општокорисна работа бр. 26-61/16,
17. Одлуки за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност за Ангелчо и Мартин Јордеви бр. 26-61/17,
18. Одлуки за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност за Билјана Пеншова бр. 26-61/18,
19. Одлуки за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност за Бранко Атанасов бр. 26-61/19,
20. Одлуки за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност за Убавка Младеновска бр. 26-1/20,
21. Одлуки за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност за Васе Станојковски бр. 26-61/21,
22. Одлуки за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност за Веле Јакимовски бр. 26-61/22,
23. Одлуки за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност за Иван Стојановски бр. 26-61/23,
24. Правилник за утврдување на критериуми за исплата на парични средства, а во врска со манифестации кои ги одржува Општина Пробиштип и награди кои ги дава по распишани конкурси или при организирање на спортски настани бр. 26-61/24,
25. Правилник за утврдување на критериумите за надоместување на трошоци за набавка на инвертер клима уреди за граѓаните од Општина Пробиштип бр. 26-61/25,
26. Одлука за давање подршка и приоритет на Проектот „Хидротехнички инсталации на дел од ул. Тодор Александров во Пробиштип,, бр. 26-61/26,

27. Одлука за давање подршка и приоритет на Проектот „Хидротехнички инсталации на дел од ул. 3-ти Април во Пробиштип„ бр. 26-61/27,
28. Одлука за давање согласност на годишен план за вработување на ООУ Никола Карев Пробиштип за 2020 година бр. 26-61/28,
29. Одлука за давање согласност на годишен план за вработување на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2020 година бр. 26-61/29,
30. Заклучок по барање од МЗ Пишица бр. 26-61/30-1,
31. Заклучок по барање од Здружение на пензионери Злетово бр. 26-61/30-2,
32. Заклучок по барање од Драги Илиевски Пробиштип бр. 26-61/30-3,
33. Заклучок по барање од Достана Димитрова Пробиштип бр. 26-61/30-4,
34. Заклучок по барање од Габриела Арсиќ с.Добрево бр. 26-61/30-5,
35. Заклучок по барање од Васка Горгиевска Пробиштип бр. 26-61/30-6,
36. Заклучок по барање од Кирчо Поп Стефанов Злетово бр. 26-61/30-7,
37. Заклучок по барање од Златко Јованчев Пробиштип бр. 26-61/30-8,
38. Заклучок по барање од Тања Панова Пробиштип бр. 26-61/30-9,
39. Заклучок по барање од Слободан Антониев Пробиштип бр. 26-61/30-10,
40. Заклучок по барање од жители на урбана единка во Пробиштип бр. 26-61/30-11,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-61/32
28.01.2020 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005; 25/2014; 29/2015 и 23/2019) и член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и 35/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2020 година, расправајќи по Програмата за работа и развој на ЈКП Никола Крев Пробиштип за 2020 година , ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип за 2020 година**

Член 1

Се дава согласност на Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2020 година бр. 01-993/1 од 24.12.2019 година, усвоена со Одлука од Управниот одбор бр. 02-999/1 од 24.12.2019 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Програмата за работа и развој на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2019 година бр. 01-993/1 од 24.12.2019 година и Одлука од Управниот одбор бр. 02-999/1 од 24.12.2019 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-61/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.01.2020 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005; 25/2014; 29/2015 и 23/2019) и член 11 став 1 точка 8 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и 35/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2020 година, расправајќи по Финансовиот план на ЈКП Никола Крев Пробиштип за 2020 година , ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Финансов план на**
**ЈКП „Никола Карев“ - Пробиштип за 2020 година**

Член 1

Се дава согласност на Финансовиот план со план за јавни набавки на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2020 година бр. 05-994/1 од 24.12.2019 година, усвоен со Одлука на Управен Одбор бр.02-1000/1 од 24.12.2019 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансовиот план со план за јавни набавки на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за 2020 година бр. 05-994/1 од 24.12.2019 година и Одлуката на Управен Одбор бр.02-1000/1 од 24.12.2019 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-61/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.01.2020 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 61/2004; 96/2004; 67/2007; 156/2009; 47/2011 и 192/2015, 209/2018 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.244/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2020 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**За усвојување на финансиски извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за периодот од 01.01.2019 година до 31.12.2019 година**

Член 1

Се усвојува финансискиот извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за периодот од 01.01.2019 година до 31.12.2019 година.

Член 2

Планираните и остварени приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот на приходите и расходите и тоа како што е дадено во прилозите.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-61/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.01.2020 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019 ), а во врска со член 21 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници (Службен Весник на РМ бр.61/2002, бр.98/2002 , бр.81/2005, бр.24/2011, 145/2015 и 170/2017) и согласно со одредбите од член 29 и 35 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници (Службен Весник на РМ бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13) како и врз основа на Правилникот за попис на општина Пробиштип, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на 27.01.2020 година ја усвои следната:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Извештајот од реализиран попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна на општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2019 година**

Член 1

Се усвојува Извештајот од реализиран попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна на општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2019 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Извештајот од реализиран попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна на општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2019 година .

Член 3

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-61/6 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.01.2020 година — ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип — Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2020 година разгледувајки го Извештајот од реализиран попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна на општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2019 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Се препорачува на Градоначалникот на Општина Пробиштип да преземе мерки заради спроведување на предлозите дадени од страна на Комисијата за попис во Глава I, точка 1, точка 2, точка 4 и точка 5 од Извештајот од реализиран попис на основни средства, опрема, инвентар, материјали, обврски, побарувања, хартии од вредност и парични средства на благајна на општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2019 година.

2. Заклучокот влегува во сила со донесувањето а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробипштип.

Број 26-61/6-1
27.01.2020 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.Гласник на општина Пробиштип 4/2005, 25/2014 и 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2020 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2019 година**

Член 1

Се усвојува Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2019 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2019 година .

Член 3

Одлуката стапува во со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-61/7
27.01.2020 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2020 година разгледувајки го Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2019 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Се задолжува ЈКП Никола Карев Пробиштип во соработка на ТППЕ Пробиштип, во најкраток можен рок, но не подолг од 20 дена од донесувањето на овој заклучок да изврши евидентирање и одбележување на целокупната хидрантска мрежа во Општина

Пробиштип. Во случај на дефект на хидрантите да се изврши поправка и да се изготви скица со одбележување на целокупната хидрантска мрежа.

2. За постапување по овој Заклучок да биде известен Советот на Општина Пробиштип.

3. Заклучокот влегува во сила со донесувањето а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробипштип.

Број 26-61/7-1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.01.2020 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната замоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2020година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање на користење на движен имот-фотоволтаичен соларен систем на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип**

Член 1

Со оваа одлука се дава на користење движен имот – фотоволтаичен соларен систем во сопственост на Општина Пробиштип, донација од Министерството за финансии на Република Северна Македонија на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип поставен на кровната површина на Детската градинка Клон Изворче во Злетово, а кој се состои од фото напонски панели за производство на електрична енергија со моќност од 15 KW и сметководствена вредност од 815.360,00 денари.

Член 2

Фотоволтаичниот соларен систем се дава на користење и одржување на ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип. За регулирање на меѓусебните права и обврски ќе се склучи договор помеѓу Општина Пробиштип и ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип.

Член 3

Одлуката стапува во сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-61/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.01.2020 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната замоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2020 година , ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за давање на користење на движен имот-фотоволтаичен соларен систем на ООУ Никола Карев Пробиштип**

Член 1

Со оваа одлука се дава на користење движен имот – фотоволтаичен соларен систем во сопственост на Општина Пробиштип, донација од Министерството за финансии на Република Северна Македонија на ООУ Никола Карев Пробиштип поставен на кровната површина на спортската сала на ООУ Никола Карев во Пробиштип, а кој се состои од фото напонски панели за производство на електрична енергија со моќност од 15 KW и сметководствена вредност од 815.360,00 денари.

Член 2

Фотоволтаичниот соларен систем се дава на користење и одржување на ООУ Никола Карев Пробиштип. За регулирање на мегусебните права и обврски ќе се склучи договор помеѓу Општина Пробиштип и ООУ Никола Карев Пробиштип.

Член 3

Одлуката стапува во сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-61/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.01.2020 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната замоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2020 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање на користење на движен имот-фотоволтаичен соларен систем на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип**

Член 1

Со оваа одлука се дава на користење движен имот – фотоволтаичен соларен систем во сопственост на Општина Пробиштип, донација од Министерството за

финансии на Република Северна Македонија на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип поставен на кровната површина на спортската сала на ООУ Браќа Миладиновци во пробиштип, а кој се состои од фото напонски панели за производство на електрична енергија со моќност од 15 KW и сметководствена вредност од 815.360,00 денари.

Член 2

Фотоволтаичниот соларен систем се дава на користење и одржување на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип. За регулирање на меѓусебните права и обврски ќе се склучи договор помеѓу Општина Пробиштип и ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип.

Член 3

Одлуката стапува во сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-61/10 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.01.2020 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017 и 11/2018) член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија број 5/2002 ) а согласно член 21 став 1 точка 44 од Статутот на општина Пробиштип („Службен Гласник на општина Пробиштип " број 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2020 година , донесе:

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот на административните службеници во Општина Пробиштип за 2020 година**

Член 1

Со оваа Одлуката се врши изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот на административните службеници во Општина Пробиштип за 2020 година бр. 26-1181/18 од 26.12.2019 година објавена во Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.31/2019 и тоа:

Во членот 1 ставот 2 се менува и гласи: „ Вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2020 година во Општина Пробиштип изнесува 81,6 денари„ .

Член 2

Одлуката влегува во сила соденот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-61/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.01.2020 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип(Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) а во врска со член 26 став 1 точка 6 од Законот за експропријација (Службен весник на општина Пробиштип бр.95/2012, 131/2012, 24/2013, 27/2014, 104/2015, 192/2015, 23/2016, 178/2016), Советот на Општина Пробиштип на предлог на Градоначалникот, на седницата одржана на ден 27.01.2020 ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За определување средства за потполна експропријација во буџетот на општина Пробиштип**

Член 1

Со оваа одлука се определуваат средства за потполна експропријација на градежно земјиште за реконструкција на ул.3-ти Април Пробиштип во сопственост на физички лица предвидени со Геодетски елаборат за посебни намени (за експропријација) Дел.број 0807-128/5 од 24.08.2019 година на Друштво за геодетски работи и услуги ВИНИЦАПРЕМЕР ДООЕЛ Виница.

Средствата за експропријација се резервирани во буџетска програма ЕА- Капитални трошоци на општина Пробиштип за 2020 година од контото:

485420-Надомест за одземен имот во износ од 450.000,00 денари

Надоместокот за одземениот недвижен имот ќе се врши по цена утврдена со Извештајот од извршена проценка на пазарната вредност на недвижниот имот.

Член 2

Одлуката влегува во сила со објавување во Службен гласник на општина Пробиштип .

Број 26-61/12 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.01.2020 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ"бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 53/2013, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 199/2014, 124/2015, 129/2015, 217/2015 и 31/2016) и член 15 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип

бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Пробиштип на седницата одражана на ден 27.01.2020 година, ја усвои следната:

**О Д Л У К А**
**за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Пробиштип со идна урбанистичко-планска документација ќе го вклопи бесправно изградениот објект од локално значење со намена **А4-времено сместување (викенд куќа)** изграден **на КП.бр.1871 и 1873, МВ Рид, КО Марчино, Општина Пробиштип**, изграден од страна на **Ангелчо Јордев и Мартин Јордевски** со адреса на живеење на **ул.„Кочо Рацин„ бр.93 од Пробиштип.**

**Член 2**

Со важечката урбанистичка планска документација бесправниот објект е изграден надвор од планскиот опфат и не се наоѓа во потенцијално нестабилна зона, а земјиштето на кое е изграден објектот е во сосопственост на лицата **Ангелчо Јордев и Мартин Јордевски**.

**Член 3**

Се утврдува дека во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши проширување на планскиот опфат на град Пробиштип и идната урбанистичко-планска документација ќе биде со намена **А4-домување-времено сместување во викенд куќа.**

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-61/17 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
27.01.2020 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ"бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 53/2013, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 199/2014, 124/2015, 129/2015, 217/2015 и 31/2016) и член 15 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Пробиштип на седницата одражана на ден 27.01.2020 година, ја усвои следната:

**О Д Л У К А**
**за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Пробиштип со идна урбанистичко-планска документација ќе го вклопи бесправно изградениот објект од локално значење со намена **А4-времено сместување (викенд куќа)** изграден **на КП. бр.3921/1 и КП.бр.3921/2**, како и бесправно изградениот објект со намена **помошен објект** изграден на **КП.бр.3920, МВ Леговец, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**, изграден од страна на **Билјана Пеншова** со адреса на живеење на **ул.„Крсте Мисирков„ бр.83 од Пробиштип.**

**Член 2**

Со важечката урбанистичка планска документација бесправниот објект е изграден надвор од планскиот опфат и не се наоѓа во потенцијално нестабилна зона, а земјиштето на кое е изграден објектот е во сопственост на лицето **Билјана Пеншова**.

**Член 3**

Се утврдува дека во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши проширување на планскиот опфат на град Пробиштип и идната урбанистичко-планска документација ќе биде со намена **А4-домување-времено сместување во викенд куќа.**

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-61/18
27.01.2020 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ"бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 53/2013, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 199/2014, 124/2015, 129/2015, 217/2015 и 31/2016) и член 15 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Пробиштип на седницата одражана на ден 27.01.2020 година, ја усвои следната:

## О Д Л У К А
## за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Пробиштип со идна урбанистичко-планска документација ќе го вклопи бесправно изградениот објект од локално значење со намена **А4-времено сместување (викенд куќа)** изграден **на КП.бр.452/1, МВ Долно Проодиште, КО Турско Рудари, Општина Пробиштип**, изграден од страна на **Бранко Атанасов** со адреса на живеење на **ул.„Кочо Рацин„ бр.62 од Пробиштип.**

**Член 2**

Со важечката урбанистичка планска документација бесправниот објект е изграден надвор од планскиот опфат и не се наоѓа во потенцијално нестабилна зона, а земјиштето на кое е изграден објектот е во сопственост на лицето **Бранко Атанасов**.

**Член 3**

Се утврдува дека во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши проширување на планскиот опфат на град Пробиштип и идната урбанистичко-планска документација ќе биде со намена **А4-домување-времено сместување во викенд куќа.**

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-61/19
27.01.2020 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ"бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 53/2013, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 199/2014, 124/2015, 129/2015, 217/2015 и 31/2016) и член 15 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2020 година, ја усвои следната:

**О Д Л У К А**

**за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Пробиштип со идна урбанистичко-планска документација ќе го вклопи бесправно изградениот објект од локално значење со намена **А4-времено сместување (викенд куќа)** изграден **на КП.бр.1977, МВ Леговец КО Древено, Општина Пробиштип**, изграден од страна на **Убавка Младеновска** со адреса на живеење на **ул.„8-ми Септември„ бр.1/11 од Пробиштип.**

**Член 2**

Со важечката урбанистичка планска документација бесправниот објект е изграден надвор од планскиот опфат и не се наоѓа во потенцијално нестабилна зона, а земјиштето на кое е изграден објектот е во сосопственост на лицата **Санде Илиевски, Миливоја Милосављевски, Славе Милосављевски, Драги Митев, Стоил Митровски, Боре Цветковски и Убавка Младеновска**.

**Член 3**

Се утврдува дека во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши проширување на планскиот опфат на град Пробиштип и идната урбанистичко-планска документација ќе биде со намена **А4-домување-времено сместување во викенд куќа.**

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-61/20
27.01.2020 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ"бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 53/2013, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 199/2014, 124/2015, 129/2015, 217/2015 и 31/2016) и член 15 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2020 година, ја усвои следната:

**О Д Л У К А**
**за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Пробиштип со идна урбанистичко-планска документација ќе го вклопи бесправно изградениот објект од локално значење со намена **А4-времено сместување (викенд куќа)** изграден **на КП.бр.1674/2, МВ Коритница, КО Злетово, Општина Пробиштип**, изграден од страна на **Васе Станојковски** со адреса на живеење на **ул.„8-ми Септември„ бр.15-6 од Пробиштип.**

**Член 2**

Со важечката урбанистичка планска документација бесправниот објект е изграден надвор од планскиот опфат и не се наоѓа во потенцијално нестабилна зона, а земјиштето на кое е изграден објектот е во сопственост на лицето **Васе Станојковски**.

**Член 3**

Се утврдува дека во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши проширување на планскиот опфат на град Пробиштип и идната урбанистичко-планска документација ќе биде со намена **А4-домување-времено сместување во викенд куќа.**

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-61/21
27.01.2020 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ"бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 53/2013, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 199/2014, 124/2015, 129/2015, 217/2015 и 31/2016) и член 15 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2020 година, ја усвои следната:

**О Д Л У К А**
**за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Пробиштип со идна урбанистичко-планска документација ќе го вклопи бесправно изградениот објект од локално значење со намена **А4-времено сместување (доградба на постоечка викенд куќа)** изграден **на КП.бр.1976/3, МВ Леговец КО Древено, Општина Пробиштип**, изграден од страна на **Веле Јакимовски** со адреса на живеење на **ул.„Јаким Стојковски„ бр.18 од Пробиштип.**

**Член 2**

Со важечката урбанистичка планска документација бесправниот објект е изграден надвор од планскиот опфат и не се наоѓа во потенцијално нестабилна зона, а земјиштето на кое е изграден објектот е во сосопственост на лицата **Веле Јакимовски и Валентина Давчева**.

**Член 3**

Се утврдува дека во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши проширување на планскиот опфат на град Пробиштип и идната урбанистичко-планска документација ќе биде со намена **А4-домување-времено сместување во викенд куќа.**

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-61/22
27.01.2020 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ"бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 53/2013,

72/2013, 44/2014, 115/2014, 199/2014, 124/2015, 129/2015, 217/2015 и 31/2016) и член 15 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), на предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Пробиштип на седницата одражана на ден 27.01.2020 година, ја усвои следната:

**О Д Л У К А**
**за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација за издавање на урбанистичка согласност**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Пробиштип со идна урбанистичко-планска документација ќе го вклопи бесправно изградениот објект од локално значење со намена **А4-времено сместување (викенд куќа) со помошен простор** изграден **на КП.бр.3801/1, МВ Три Круши, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**, изграден од страна на **Иван Стојановски** со адреса на живеење на **ул.„Илинденска„ бр.54 од Пробиштип.**

**Член 2**

Со важечката урбанистичка планска документација бесправниот објект е изграден надвор од планскиот опфат и не се наоѓа во потенцијално нестабилна зона, а земјиштето на кое е изграден објектот е во сопственост на лицето Иван **Стојановски**.

**Член 3**

Се утврдува дека во идната урбанистичко-планска документација ќе се изврши проширување на планскиот опфат на град Пробиштип и идната урбанистичко-планска документација ќе биде со намена **А4-домување-времено сместување во викенд куќа со помошен простор.**

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-61/23
27.01.2020 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 48 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005), на предлог на Градоначалникот, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.01.2020 година го усвои следниот:

***Правилник за утврдување на критериуми за исплата на парични средства, а во врска со манифестации кои ги одржува Општина Пробиштип и награди кои ги дава по распишани конкурси или при организирање на спортски настани***

Согласно член 22, став 1, точка 5 и 6 од Законот за локална самоуправа и процесот на децентрализација, во надлежностите на општините е организирање на културни манифестации и поттикнување на разновидни специфични форми на творештво, организирање на спортски приредби и манифестации и др.

Врз основа на напреднаведеното, Советот на општина Пробиштип донесува Програма за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип и Програма за спроведување на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура во општина Пробиштип.

Одделението за јавни дејности, секоја година во месец ноември и декември изготвува програма за наредната година, а која се донесува на крајот на годината, а важи од 01.01. наредната година.

Во Програмата за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип, меѓу другото се планира одбележување на одредени празници, организирање на манифестации и распишува конкурси за натпревар на нашите сограѓани, а кој е во функција за разубавување на градот или разубавување и одбележување на нашиот најголем верски празник, Велигден или други празници. Исто така во Програмата за спорт, предвидува организирање на спортски турнири, натпревари и спортски настани со цел збогатување на спортски настани и развој на физичката култура кај младите.

За стимулирање на граѓаните, општината доделува парични награди чија исплата ќе се врши најкасно во рок од 30 дена од одржувањето на настанот.

Со овој правилник се утврдуваат следните критериуми врз основа на предвидените средства во Програмата за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип и Програмата за спроведување на активностите на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура, со кои, во рамки на своите надлежности, ќе им исплаќа парична награда на граѓаните на општина Пробиштип, кои учествуваат на отворениот повик или конкурс кој го распишува Општина Пробиштип:

- ***Пробиштипски маскенбал***

- ***Категорија домашни маски***

  - Прва награда за најдобра колективна маска...........6.000,00 ден.
  - Втора награда за најдобра колективна маска........ 4.000,00 ден.
  - Награда за најинвентивна маска................................ 3.000,00 ден.
  - Награда за најдобра поединечна маска.................... 2.000,00 ден.

- ***Категорија гостински маски***

  - Награда за 1 место...............................................4.000,00 ден.
  - Награда за 2 место...............................................3.000,00 ден.
  - Награда за 3 место...............................................2.000,00 ден.

- ***Категорија детски маски***

  - Награда за 1 место...............................................3.000,00 ден.

- Награда за 2 место..............................................2.000,00 ден.
- Награда за 3 место..............................................1.000,00 ден.

- ***Велигден - Избор на најукрасено велигденско јајце***

- Прво место....................................................... 3.000,00 денари
- Второ место.......................................................2.000,00 денари
- Трето место....................................................... 1.000,00 денари
- Најдобар аранжман............................................2.000,00 денари
- Најоригинална идеја...........................................2.000,00 денари

- ***Велигден - Избор на најукрасено велигденско јајце во Злетово***

- Прво место....................................................... 1.500,00 денари
- Второ место.......................................................1.000,00 денари
- Трето место....................................................... 500,00 денари

- ***Конкурс за избор на најдобра фотографија***
- ***Категорија зададена тема***

- Прво место.......................................................... 4.000,00 денари
- Второ место.......................................................... 2.000,00 денари
- Трето место.......................................................... 1.000,00 денари

- ***Категорија слободна тема***

- Прво место.......................................................... 2.000,00 денари
- Второ место.......................................................... 1.500,00 денари
- Трето место.......................................................... 1.000,00 денари

- **Турнир во мал фудбал по повод 2 Август - Илинден во Злетово**

Предвидени се следните награди:

